## Меѓународен јавен повик бр. 02/062012

**1. Набавувач**

1.1. Набавувач: Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

**2. Предмет на набавка**

2.1**.** Комплетен инженеринг во врска со инсталирање на фотонапонска постројка со моќност од 100 киловати над еден дел од паркинг простор од Кампусот на Универзитетот на ЈИЕ.

Поради фактот што паркинг просторот е изграден и функционира (деталите се дадени подолу во текстот), но поради недостаток на документација, пред да се започне со инсталирање на панелите, потребно е да се завршат сите активности во врска со урбанизација на паркинг просторот. Овој јавен повик го покрива не само техничкиот дел во врска со фотонапонската постројка, туку и одобрението која претходно треба да се заврши.

Јавниот повик е поделен на три лота:

- Лот 1 Изработка на архитектонско-урбанистички проект;
- Лот 2 Изработка на основен проект со извештај за ревизија;
- Лот 3 Набавка и монтажа на фотонапонска постројка со сите елементи, како и поврзување на дистрибутивната мрежа.

2.2. Предметот на набавка не е делив. Набавувачот го задржува правото да ја диктира динамиката за имплементација на поединечните лотови, во зависност од условите.

2.3. Опис на набавката

**Лот 1**

Станува збор за паркинг локација со бруто површина од околу 8500 $м^2$, позициониран од левата страна на главниот влезен пат во склоп на Универзитетот на ЈИЕ. Локацијата е изградена со целата инфраструктура на паркинг простор (асфалтирана подлога со обележани паркинг места, островски тип со травната површини во внатрешноста, пристапни патеки за пешаци, осветелен по целата површина). Паркингот е во употреба. Не постои проект за истиот и воедно дозволата во смисол на одобрение не е завршена.

При подготовка на понудата треба да се предвиди дека нема идејно да се решава проектот, туку ќе треба да се изработи архитектонско-урбанистички проект на веќе изведена позиција, каде проектот ќе треба само технички да се прилагоди. Поради тоа, понудувачите ќе треба самите на лице место да извршат мерења на локацијата, како истата би ја прилагодиле со проектот. Исто така ќе треба самите да извршат и проверка на подземниот катастар кој е во опфат на детерминираната локација.

**ЗАБЕЛЕШКА: ВАЖНО Е СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ, ПРЕД ДА ЈА ПОДГОТВАТ ПОНУДАТАТА ДА ДОЈДАТ НА ЛИЦЕ МЕСТО И ДА ЈА СОГЛЕДААТ РЕАЛНАТА СИТУАЦИЈА.**

**Лице за контакт во врска со техничките прашања:**
**Дарко Спировски, телефон за контакт: 00389 78 344 899, електронска пошта: d.spirovski@seeu.edu.mk**

За изработка на архитектонско урбанистичкиот проект за предвидената локација, Набавувачот од своја страна на изведувачот ќе му ја достави следнава докуменатција:

1. Основи на кампусот на Универзитетот на ЈИЕ
2. Елаборат со нумерички податоци
3. Извод од ДУП
4. Доказ за сопственост
5. Доколку има потреба ќе се достави и копија од ДУП и подезмен катастар

Било кој друг документ , за кој ќе се јави потреба од страна на изведувачот , кој законски е потребен а не е наведен на погоре дадената листа, ќе биде обезбеден од страна на набавувачот.

**Лот 2**

Потребно е на база на архитектонско урбанистичкиот проект и локациските услови, да се изработи основен проект за паркинг просторот покриен со фотонапонски панели.

Планирано е над површината на паркинг просторот да се инсталираат Фотонапонски панели со капацитет од 100 kW. со цел продажба на произведената електрична енергија на мобилниот оператор ВИП Македонија. Со цел запазување на естетскиот момент , локацијата на панелите ќе биде исклучиво на делот каде се паркираат возилата (околу островите), никако на делот пристапни патишта за возила и луѓе или на делот тревна површина. Деталите околу ова прашање , дополнително , ќе се договараат помеѓу изведувачот и инвеститорот.

Начинот на водење на каблите , позицијата на главните разводни кутии и останата опрема исто така ќе бидат предмет на понатамошни договори.

Важно е при изработката на проектот да се земе в предвид моментот за одржување на опремата (пред се директен пристап за редовно механичко чистење на панелите).

**ЗАБЕЛЕШКА: ВАЖНО Е СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ, ПРЕД ДА ЈА ПОДГОТВАТ ПОНУДАТАТА ДА ДОЈДАТ НА ЛИЦЕ МЕСТО И ДА ЈА СОГЛЕДААТ РЕАЛНАТА СИТУАЦИЈА.**

**Лице за контакт во врска со техничките прашања:**
**Дарко Спировски, телефон за контакт: 00389 78 344 899, електронска пошта: d.spirovski@seeu.edu.mk**

**Лот 3**

Оставена е можноста при изборот на тип на опрема , поединечна моќност на елементите како и прозиводител на истата, понудувачите сами да дадат предлог.
Важно е да се нагласи дека понудата треба поединечно и детално да ги опише :

- Типот на опремата ( фотонапонски панел , инвертер , метална конструкција врзни елементи)
- Модел на опремата
- Производител на опремата
- Гаранција на опремата
- Поединечна моќност и карактеристики на опремата (за ставките за кои е потребно)
- Количина ( изразена во парчиња)
- Единечна цена по парче
- ДДВ (процентуално и вредносно)
- Вкупна цена по позиција

Во цените треба да се вклучени сите трошоци – транспорт, царина, работна рака за инсталирање на опремата.
Практично, фотонапонската постројка треба да биде предвидена да се реализира по принципот „клуч на рака" , со сите потребни елементи (панели, инвертери, метална конструкција, кабли, поврзувања итн.) .
Понудувачите се должни во понудата, експлицитно, да го опишат начинот на монтажа на металната носечка конструкција за панелите. Притоа треба да се земе во предвид, дека истата ќе треба да се монтира на веќе изграден и асфалтиран паркинг, на кој се дефинирани острови од тревна површина, околу кој постојат обележени паркинг места.

2.4. Повикот е отворен, со право на учество на сите домашни и странски економски оператори регистрирани за дејноста која е предмет на набавката.
***2.5. Сите заинтересиран, со цел поквалитетно подготвување на понудата , ги покануваме да дојдат на состанок на лице место каде ќе им бидат детално објаснети практичните аспекти на барањето. Воедно стоиме на располагање за сите прашања. Состанокот ќе се одржи на 11.07.2012 година, со почеток во 10:00 часот, во просториите на Универзитетот на ЈИЕ, зграда бр. 304, на адреса Илинденска б.б. , Тетово , Македонија.***

**3. Комуникација**

3.1. Сите заинтересирани, се должни да го информираат инвеститорот , во писмена форма со основните податоци за нивната фирма (Име на фирмата, адреса, телефон за контакт, е-маил адреса ). Информациите треба да се испратат на електронска пошта: procurement@seeu.edu.mk

3.2. Повеќе детали во врска со јавниот повик може да добиете преку е-пошта: procurement@seeu.edu.mk

**4. Содржина на понудата**

4.1. Понудата треба да содржи име, адреса, седиште на понудувачот, број на жиро сметка, даночен број и банка депонент;

- Потврди (сертификати) издадени од надлежни органи, организации или други правни лица за контрола на квалитет со кои ќе се потврди сообразноста на производот;

4.2. Понудата треба да биде пополнета во формуларот, во прилог на веб страницата на Универзитетот.

Цените треба да бидат изразена за секој лот ,поединечно со детали на цена за секоја позиција во склоп на лот (доколку лотот содржи повеќе позиции). Во поединечните цени треба да се вклучени сите поединости , основна цена , транспорт , работна рака за монтажа , ДДВ . Крајната цена на јавниот повик, треба да е збир на сите три цени. Доколку е странски економски оператор во понудата треба да бидат пресметани сите давачки , доколку постојата , но не се споменати погоре во описот на понудата.

4.3. Доколку како понудувач се јави странски економски оператор, понудата треба да биде преведена на македонски јазик или албански јазик, а цената може да се изрази и во друга (конвертибилна) валута која се пресметува според курсната листа на Народна банка на Република Македонија (среден курс), што се применува на денот на отворање на понудите.

4.4. Понудата треба да содржи рок и начин на плаќање – само еден недвосмислено дефиниран.

4.5. Понудата треба да има рок на важност 120 дена.

**5. Документација која понудувачот ја приложува кон понудата и со која ја докажува својата финансиска и економска способност.**

- Документ за регистрирана дејност издаден од Централниот Регистар на Република Македонија (за економски оператор), за дејноста за која ја доставува својата понуда;
- Дозвола од надлежен орган за работење (дејност) на економски оператор;
-Документ за бонитет на понудувачот издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација;

- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност,односно привремена забрана за вршење одделна дејност (уверение од надлежен суд);
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.
-Писмена изјава дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
Горенаведените документи не смее да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.
Странски економски оператор ги доставува горенаведените документи издадени од соодветни институции од странство.
Ревизорскиот извештај и другите документи издадени од соодветни институции од странство и на странски јазик треба да бидат преведени на македонски јазик или албански јазик и заверени на судски преведувач.
Понудите кои не ги содржат горенаведените документи ќе се сметаат за некомплетирани и нема да се разгледуваат.

**6. Документи со кои понудувачот ја докажува својата техничка способност.**
- Овластувања  за вработените издадени од страна на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија;
- Фирмата треба да поседува минимум,  Лиценца за Проектирање на градби од втора категорија
- Список на извршени набавки од видот на материјалите за кои ја поднесуваат својата понуда, извршени во последните три години, со износите, датумите и корисниците (референтна листа), според условите од тендерската документација;
-Список на вработени со титулар на нивната стручност
- Потврда издадена од набавувач за кого е извршена претходната набавка на материјали во последните три години за соодветноста, навременоста и квалитетното извршување на набавката од страна на понудувачот.

**7. Критериуми за избор на најповолен понудувач по сите точки од точката 3. Предмет на набавката**
- Квалитет;
- Цена;
- Гаранција;
- Препораки;
- Начин и рок на плаќање;
- Рок на испораката.
Врз основа на горенаведените критериуми се избира најповолната понуда.

**8. Начин и рок на доставување на понудите**

Понудувачот треба да ја достави понудата во еден оригинален примерок со наведена ознака “Не отворај“, кој треба да биде потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот. Во затворениот плик треба да има уште два затворени пликови. Едниот затворен внатрешен плик да ја содржи понудата и наведена ознака “Понуда“ а пак другиот плик ја содржи потребната документација и наведена ознака “Документација“ и точната адреса на понудувачот.

Понудите кои не ги содржат сите податоци назначени во повикот, односно кон кои не е приложена бараната придружна документација, ќе се сметаат за некомплетирани и нема да се разгледуваат.

Рокот на доставување на понудата е најдоцна до 20.07.2012 година (петок), до 16:00 часот.

Понудите што ќе се достават по истекот на наведениот рок нема да бидат разгледувани.

Понудите може да се достават по пошта на адреса: Универзитет на Југоисточна Европа, “Илинденска” бб. 1200 Тетово или да се предаде во архивата на Универзитетот на ЈИЕ, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

**9. Завршни одредби**

9.1. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Јавниот повик нема да се разгледуваат.